ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289-000
Централа.: 02 3289-000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Од: ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
Дата: 21.12.2010

# Реакција по повод објавената статија од Канал5 телевизија

Почитувани,

Фондот за здравствено осигурување на Р.Македонија не се согласува со објавената статија од Канал5 телевизија со назив „Фондот за здравство не е желботека“ објавена на 21.12.2010 година во 17:00 часот од новинарот Мирјана Поповска, и протестира за начинот на кој е објавен следниов дел од статијата:

„Фондот за здравство ги обвини директорите на клиниките и болниците за лошо менаџирање. Со клиниките раководеле партиски нестручни директори ,се преполнувале здравствените установи со административен кадар, се трошеле фондовските пари паушално“

ФЗОМ на денешниот брифинг ниту во еден момент ги нема искажано горе напишаните ставови од наведениот новинар. ФЗОМ е крајно изреволтиран затоа што ставот на новинарот го претставува како искажан став на ФЗОМ.
ФЗОМ го замолува новинарот и одговорниот уредникна Канал5 телевизија сериозно да ја разгледаат оваа реакција на ФЗОМ и да превземат соодветни мерки.

Бранко Аџигогов

Портпарол